Предлагач : Градоначалник на ЕЛС Кр.Паланка
Сашко Митовски

Изготвувач : Општина Крива Паланка
Одделение за финансиски прашања

# ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021 ГОДИНА

март, 2022 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002 год.) и член 33 , став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („ Службен весник на РМ " бр.61/04 , 96/04 , 67/07, 156/09 , 47/11 , 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 и 150/21 ) , и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („ Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** на **8 -та** седница , одржана на **14 . 03 . 2022 година** , донесе :

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021 ГОДИНА

### Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општината **КРИВА ПАЛАНКА** за **2021** година , се состои од :

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **444.592.305** | **367.173.544** |
| Даночни приходи | 59.931.000 | 39.505.661 |
| Неданочни приходи | 17.010.000 | 10.565.490 |
| Капитални приходи | 46.261.044 | 30.241.999 |
| Приходи од дотации | 196.281.000 | 196.396.547 |
| Приходи од трансфери | 78.006.369 | 65.828.779 |
| Приходи од донации | 47.102.892 | 24.635.068 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **536.844.997** | **416.157.441** |
| Од утврдени намени | 536.544.997 | 415.972.997 |
| Расходи од резерви | 300.000 | 184.444 |
| **III. ДЕФИЦИТ / СУФИЦИТ** | **- 92.252.692** | **- 48.983.897** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **92.252.692** | **48.983.987** |
| **Прилив** | **97.408.692** | **54.138.953** |
| Приливи од домашни задолжувања | 26.000.000 | 22.139.818 |
| Приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| **Депозит** | **71.408.692** | **31.999.135** |
| **Одлив** | **5.156.000** | **5.155.056** |
| Отплата на главница | 5.156.000 | 5.155.056 |

**Член 2**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови , односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени , се искажани во Билансите на приходи и расходи на Годишната сметка на Буџетот на единиците на локална самоуправа **КРИВА ПАЛАНКА** за 2021 година и тоа:

*Салдото на сите сметки на Буџетот на Општината Крива Паланка на 31.12.2021 година изнесува :*

**Салдо на 31.12.2021 година : ...................................................................... 41.296.408**

**- Буџетска сметка : ...................................................................... 8.274.342**
**- Наменска сметка - дотации : ...................................................................... 22.713.682**
**- Самофинансирачка сметка : ...................................................................... 1.643.774**
**- Донаторска сметка : ...................................................................... 8.664.610**

Салдото на основниот буџет во износ од **8.274.342** денари се пренесува како прилив на основниот буџет на Општина Крива Паланка за 2022 година .

Салдото на буџетот на дотациите во износ од **22.713.682** денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на Општина Крива Паланка за 2022 година .

Салдото на буџетот на самофинансирачките активности во износ од **1.643.774** денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачките активности на Општина Крива Паланка за 2022 година .

Салдото на буџетот на донации во износ од **8.664.610** денари се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Крива Паланка за 2022 година .

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови , односно планираните и реализираните расходи по основи намени се искажани во билансите на приходи и расходи .

**Член 4**

Во посебниот дел на Годишната сметка на Општина Крива Паланка за 2021 година се искажани планираните и извршените расходи по програми , сметки и основи намени .

**Член 5**

Општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка за 2022 година .

**Бр . 09 –** 767/23
**14 . 03 . 2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**